**Иницијална проценка на влијание на регулативата**

**Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите**

**1. Опис на проблемите**

Поради порастот на трошоците поврзани со набавката на долгорочните средства се јави потреба да се зголеми вредноста врз основа на која овие средства се класифицираат како ситен инвентар и нивната вредност се отпишува еднократно.

Постојните казнени одредби на Законот не се усогласени со Законот за прекршоците и истите не содржат одредби со кои е утврдена висината на глобата за сторен прекршок, не постојат одредби за поведување на постапка за порамнување пред поведувањето на прекршочната постапка и не е утврден органот кој ќе ја води прекршочната постапка.

Воедно, Предлогот на Закон е во согласност и со дел од мерките за унапредување на казнената политика кои се утврдија како резултат на постојните проблеми при спроведувањето на истата.

**2. Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите**

Реално искажување на вредноста врз основа на која долгорочните средства се класифицираат како расход и се отпишуваат еднократно.

Со усогласување на казнените одредби со Законот за прекршоците ќе се утврди висината на глобата која ќе се изрекува за сторен прекршок, ќе се одреди органот кој ќе ја води прекршочната постапка и ќе ја изрекува глобата. Исто така, согласно Законот за прекршоците ќе се овозможи поведување на постапка за порамнување пред поднесување на барањето за поведување на прекршочна постапка.

Воедно, Предлог на Законот е во насока на унапредување на постојната казнена политика.

**3. Идентификација на можни решенија (опции)**

**Опција 1**: Не прави ништо. Опцијата “не прави ништо” се користи како параметар за споредба на трошоците и користите од останатите опции (baseline).

Секако дека ова не е прифатлива опција бидејќи со одбирањето на оваа опција и понатаму долгорочните средства ќе се класифицираат како расход кој се отпишува еднократно врз основа на вредност која е пониска од реално направените трошоци при набавката на средствата. Исто така, казнените одредби од Законот ќе останат неусогласени со одредбите од Законот за прекршоци и преку измените и дополнување е нема да се оствари реализирање на дел од утврдените мерки за унапредување на казнената политика и

**Опција 2**: Донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници со кој наместо досегашната вредност од 100 евра во денарска противвредност долгорочните средства во моментот на набавка ќе биде потребно да имаат вредност пониска од 300 евра во денарска противвредност за да истите се класифицираат како расход кој се отпишува еднократно независно од корисниот век на употреба. Воедно со Законот ќе се извршат измени во постојните казнени одредби во согласност со Законот за прекршоци и во согласност со мерките за унапредување на казнената политика а со цел зголемување на ефикасноста на одредбите.

**Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија**

**Предложено решение (опција):**

Опција 2 односно донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

**Опис:**

Наместо досегашната вредност од 100 евра во денарска противвредност долгорочните средства во моментот на набавка ќе биде потребно да имаат вредност пониска од 300 евра во денарска противвредност за да истите се класифицираат како расход кој ќе се отпише еднократно независно од корисниот век на употреба.

Во случаите кога од страна на одговорното лице на буџетот или на буџетскиот корисник нема да се почитуваат одредбите на Законот со кои е утврден начинот на правилното водење на сметководството, чувањето на сметководствените документи, деловните книги и основните финансиски извештаи, вршењето на ревалоризацијата, вршењето на пописот, составувањето на основните финансиски извештаи и поднесувањето на завршните сметки до законски надлежните институции, паричната казна од 30.000 денари до 50.000 денари се заменува со глоба која се изрекува во распон од 500 до 800 евра во денарска противвредност. Со предлог Законот се воведуваат прекршочни санкции и за одговорниот сметководител, во случај на непочитување на одредбите за водење сметководство, чување на деловните книги, сметководствените документи и основните финансиски извештаи до пропишаниот рок, вршење на

ревалоризација, вршење на попис, составувањето на основните финансиски извештаи и поднесувањето на завршните сметки од негова страна во законски пропишаниот рок до Министерството за финансии, Централниот регистар и Државниот завод за ревизија за што ќе му се изрече глоба во износ од 500 до 800 евра во денарска противвредност.

Со Предлог Законот пред поведувањето на прекршочна постапка се утврдува можност за поведување на постапка за порамнување согласно Законот за прекршоците. Надлежниот суд ќе биде органот кој ќе ја води прекршочната постапка.

**1. Трошоци**

- Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните и физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластуваа, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите

Предложеното решение не предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните и физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластуваа, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци.

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата и другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците.

Предложеното решение нема да предизвика иницијални трошоци за министерствата и другите органи на државната управа.

- Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за министерствата и другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците.

Предложеното решение нема да предизвика оперативни трошоци за министерствата и другите органи на државната управа.

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците.

Предложеното решение нема да предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица.

- Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците.

Предложеното решение нема да предизвика континуирани трошоци за правните или физичките лица.

## 2. Придобивки

### Опис и опсег на клучните финансиските придобивки за засегнатите страни

Со воведувањето на можноста за поведување на постапка за порамнување пред поднесување на барањето за поведување на прекршочната постапка се овозможува износот на глобата кој прекршителот треба да го плати да се намали за 50%. Исто така, со воведувањето на постапка на порамнување прекршителот добива можност да не се поведе прекршочна постапка против него со што се избегнуваат трошоците поврзани со водењето на прекршочната постапка.

### Други нефинансиски придобивки за засегнатите страни

Предлог на Законот не обезбедува други нефинансиски придобивки за засегнатите страни.

## 3. Ризици и претпоставки

Доколку би се применила предложената законската рамка не се очекуваат ризици.

## 4. Останати влијанија

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | **Резултати приложени во материјалот** | **Резултати приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз национална конкурентност | НЕ | НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | НЕ | НЕ |

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | **Резултати приложени во материјалот** | **Резултати приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

**Чекор 3: Консултации**

При изготвувањето на Предлог Законот извршени се консултации со Министерството за правда и Секретаријатот за законодавство и усогласени се ставовите по однос на нивните забелешки.

**Резиме на иницијалната проценка на влијание на регулативата**

**1. Краток осврт на преферираното решение/опција**

Со донесувањето на предложеното решение ќе се обезбеди реално искажување на вредноста на долгорочните средства согласно која истите се класифицираат како расход кој се отпишува еднократно. Со прекршочните одредби кои се предлагаат за сторен прекршок од страна на одговорното лице на буџетот или на буџетскиот корисник при непочитување на законските одредби за водење на сметководството паричната казна дефинирана во распон од 30.000 до 50.000 денари се заменува со единствен износ на глоба од 500 до 800 евра во денарска противвредност. Исто така, во врска со непочитувањето на одредбите за водење на сметководството на правилен и законски утврден начин се воведува глоба во износ од 500 од 800 евра во денарска противвредност и за одговорниот сметководител.

Со Законот се предлага прекршочната постапка да ја води надлежен суд. Пред поведувањето на прекршочната постапка се утврдува поведување на постапка за порамнување и се овозможува износот на глобата кој прекршителот треба да го плати да се намали за 50%. Исто така, со воведувањето на постапка на порамнување прекршителот добива можност да не се поведе прекршочна постапка против него со што се избегнуваат трошоците поврзани со водењето на прекршочната постапка.

**2.Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**

Ленче Тагасовска и Дафина Талева Хаџи Васкова

**3.Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе бидат вклучени во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:**

Недим Рамизи

**Изјава од министерот**
**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка влијанието на регулативата/ предлогот за донесување на закон:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Нема влијание | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари | |
| 2. | Нема влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија | |
| 3. | Нема влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар | |
| 4. | Нема влијание | врз економијата и врз обемот на државна помош | |
| 5. | Нема влијание | врз животната средина | |
| 6. | Нема влијание | врз социјалната положба на граѓаните | |
| 7. | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br><br>Датум на објавување:<br>Вклучени организации и претставници:<br>Свое мислење дадоа следниве организации: | | НЕ |
| 8. | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | | ДА |
| 9. | Предлог законот е лекториран. | | ДА |
| 10. | Спроведени се меѓуресорски консултации. | | ДА |
| 11. | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | | НЕ |
| 12. | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото “молчењето значи одобрување“? | | НЕ |

**Изјава од министерот**

Јас, м-р Зоран Ставрески, изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанија на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на министерот:

........................................................................ Датум: